**ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Бр. 02- 439 /1**
**Скопје 17.02 .2020 година**

**ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Ц.О. СКОПЈЕ**

# Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на РСМ за период Октомври – Декември 2019 година

Скопје, февруари 2020 година

# Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на РСМ за период октомври-декември 2019 година

Во периодот **октомври – декември 2019 година** Јавното претпријатие Службен весник на РСМ Скопје, реализирајќи ги задачите утврдени со Програмата за работа и развој за 2019 година ги оствари следните резултати:

## ФИЗИЧКИ ОБЕМ

1. Претплатата на службеното гласило „Службен весник на РСМ“ изнесува 1.228 примероци и во споредба со истиот период од 2018 година бележи намалување од 10,56%.
2. Претплатата на „Регистарот на прописи на РСМ“ изнесува 13 пристапи и во споредба со истиот период од 2018 година бележи намалување од 63,89%.
3. Претплатата на електронското издание База на прописи на РСМ изнесува 1.543 пристапи и во споредба со истиот период од 2018 година бележи зголемување од 11,01%.
4. Претплатата на електронското издание на “Службен весник на РСМ” изнесува 376 пристапи и во споредба со истиот период од 2018 година бележи намалување од 4,57%.
5. Огласите од сите типови збирно изнесуваат 17.845 барања и во споредба со истиот период од 2018 година бележат намалување за 4,11% и тоа:
   - Барањата за огласување на неважечки документи во споредба со истиот период од 2018 година, бележат намалување за 4,33%,
   - Барањата за огласување на акти и огласи на правни лица, како што се одлуки, правилници, статути, финансиски извештаи, повикување на доверители, план за поделба на ТД, промена во судскиот регистар и слично во споредба со истиот период од 2018 година бележат намалување за 37,46%,
   - Барањата за огласување на јавните набавки во споредба со истиот период од 2018 година бележат зголемување за 115,20%,
   - Барањата за објавување на судски огласи, ликвидации, стечаи и слично во споредба со истиот период од 2018 година, бележат намалување за 5,86%,
   - Јавните објави на извршителите во споредба со истиот период од 2018 година бележат зголемување за 10,43%,
   - Барањата за објавување на нотарски огласи во споредба со истиот период од 2018 година бележат намалување за 44,34%.

Што се однесува до огласниот дел сакаме да нагласиме дека бројот на поднесените барања не е во пропорционален однос со финансискиот прилив и како показател треба да се свати само како статистичка евиденција.

Движењето на обемот на објавените огласи по типови за период октомври-декември 2019 година е дадено во Прегледот бр.1 во продолжение на текстот.

**Преглед бр.1 за број на објавени огласи по типови за период октомври-декември 2019**

| Р. бр. | ТИП НА ОГЛАСИ | X-XII 2018 | X-XII 2019 | Индекс (4:3x100) | Пораст/ Опаѓање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | **ЛИЧНИ ОГЛАСИ -НЕВАЖЕЧКИ ДОКУМЕНТИ** (лични карти, пасоши, раб.книшки, свидетелства, дипломи, дозволи, легитимации и други лични документи) | 11.419 | 10.925 | 95,67 | -4,33 |
| 2 | **АКТИ И ОГЛАСИ НА ПРАВНИ ЛИЦА** (одлуки, правилници, статути, промена во судски регистар, усогласување, повикување на доверители, план за спојување, план за поделба на ТД, одлуки за малопр. цени, финан.извештаи и сл.) | 307 | 192 | 62,54 | -37,46 |
| 3 | **ЈАВНИ НАБАВКИ** (отворени повици, ограничени повици, барања за прибирање на понуди и сл.) | 1.546 | 3.327 | 215,20 | 115,20 |
| 4 | **СУДСКИ ОГЛАСИ (** ликвидации, стечаи, здруж.на граѓани, рег. на политички партии и сл.) | 955 | 899 | 94,14 | -5,86 |
| 5 | **ЈАВНИ ОБЈАВИ НА ИЗВРШИТЕЛИ** | 115 | 127 | 110,43 | 10,43 |
| 6 | **НОТАРСКИ ОГЛАСИ** (засновање и реализација на залог и сл.) | 4.267 | 2.375 | 55,66 | -44,34 |
| | **ВКУПНО:** | **18.609** | **17.845** | **95,89** | **-4,11** |

**<u>ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ</u>**

1. **ВКУПНИТЕ ПРИХОДИ** во периодот октомври-декември 2019 година изнесуваат 26.255.202,40 денари што претставува 106% зголемување во однос на финансискиот план за четвртиот квартал во 2019 година или во однос на вкупните приходи остварени во истиот период во 2018 година бележат зголемување за 20%.
2. **ВКУПНИТЕ ТРОШОЦИ** во периодот октомври-декември 2019 година изнесуваат 17.803.626,00 денари што претставува скоро целосно исполнување на финансискиот план за четвртиот квартал за 2019 година кој изнесува 17.855.212 денари или во однос на вкупните трошоци остварени во истиот период во 2018 година бележат зголемување за 3%.

Остварените **приходи и трошоци** по ставки во периодот октомври-декември 2019 година споредени со финансискиот план за 2019 година и остварените приходи и трошоци во периодот октомври-декември 2018 година се дадени во Прегледот бр. 2 во продолжение на текстот.

**Преглед бр. 2 на приходи и трошоци за период октомври-декември 2019 година**

| | СПЕЦИФИЦИРАНИ ПРИХОДИ | ОСТВАРЕНО за IV квартал од 2018 | ПЛАНИРАНО за IV квартал од 2019 ( тековна година) | ОСТВАРЕНО за IV квартал од 2019 | Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. Год. (%) | Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. год (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| **1** | Претплата на службени весници на РСМ | 3.322.796 | 2.750.000 | 2.969.007,40 | -11 | 8 | 11 |
| **2** | Претплата на регистар на прописи на РСМ | 21.611 | 19.200 | 8.899,00 | -59 | -54 | 0 |
| **3** | Приходи од објавување на огласи | 13.475.022 | 5.700.000 | 19.392.981,00 | 44 | 240 | 74 |
| **4** | Претплата на електронската база на прописи на РСМ | 4.038.514 | 3.692.000 | 2.721.507,00 | -33 | -26 | 10 |
| **5** | Претплата на интегралното издание на Службен весник на РСМ | 611.491 | 561.000 | 557.608,00 | -9 | -1 | 2 |
| **6** | Приходи од продржба на стручна литература и други изданија | 953 | **3.750** | 31.350,00 | 3190 | 736 | 0 |
| **7** | **Вкупно: (1 + 2 + 3 + 4 + 5 + 6)** | **21.470.386** | **12.725.950** | **25.681.352,40** | **20** | **102** | **98** |
| | **Останати приходи** | | | | | | |
| **8** | Финансиски приходи | 291.538 | 0 | 528.263,00 | 81 | | 2 |
| **9** | Други приходи | 59.256 | 16.500 | 45.587,00 | -23 | 176 | 0 |
| **10** | **Вкупно останати приходи (8 + 9)** | **350.794** | **16.500** | **573.850,00** | **64** | **3378** | **2** |
| | | | | | | | |
| **11** | **Вкупно приходи (7+10 )** | **21.821.181** | **12.742.450** | **26.255.202,40** | **20** | **106** | **100** |
| | | | | | | | |

| | СПЕЦИФИЦИРАНИ РАСХОДИ | ОСТВАРЕНО за IV квартал од 2018 година | ПЛАНИРАНО за IV квартал од 2019 година | ОСТВАРЕНО за IV квартал од 2019 година | Споредбена анализа оств. тек. год/ оств. претх. год (%) | Споредбена анализа оств. тек. год / план. тек. год (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| **1** | **Трошоци за издавање** | **1.967.043,00** | **1.520.000,00** | 2.345.119,00 | 19 | 54 | 13 |
| | Трошоци за печатење на службени весници | 1.967.043,00 | 1.520.000,00 | 2.334.445,00 | 19 | 54 | 13 |
| | Трошоци за стручна литература и други изданија | 0 | 0,00 | 10.674,00 | | | 0 |
| **2** | **Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар** | **682.911,00** | **1.009.600,00** | **652.920,00** | -4 | -35 | 4 |
| | Канцелариски материјали | 117.795,00 | 204.600,00 | 134.409,00 | 14 | -34 | 1 |
| | Материјали за тековно и инвестиционо одржување | 16.707,00 | 12.000,00 | 29.732,00 | 78 | 148 | 0 |
| | Материјали за чистење и одржување хигиена | 18.027,00 | 24.000,00 | 20.938,00 | 16 | -13 | 0 |
| | Помошни и други материјали | 4.911,00 | 7.000,00 | 7.345,00 | 50 | 5 | 0 |
| | Електрична и топлотна енергија | 402.009,00 | 600.000,00 | 349.820,00 | -13 | -42 | 2 |
| | Горива и масла за возила | 90.432,00 | 78.000,00 | 78.541,00 | -13 | 1 | 0 |
| | Резервни делови | 32.039,00 | 75.000,00 | 32.135,00 | 0 | -57 | 0 |
| | Ситен инвентар и автогуми | 991,00 | 9.000,00 | 0,00 | -100 | -100 | 0 |
| **3** | **Трошоци за услуги** | **1.145.765,00** | **1.421.730,00** | **1.515.987,00** | 32 | 7 | 9 |
| | Транспортни услуги | 194,00 | 5.000,00 | 0,00 | -100 | -100 | 0 |
| | Поштенски услуги | 331.467,00 | 246.400,00 | 386.218,00 | 17 | 57 | 2 |
| | Телефонски и други телекомуникациски услуги | 65.173,00 | 101.500,00 | 74.354,00 | 14 | -27 | 0 |
| | Интернет услуги | 69.315,00 | 95.900,00 | 103.356,00 | 49 | 8 | 1 |
| | Графички услуги | 0,00 | 16.000,00 | 19.000,00 | | 19 | 0 |
| | Тековно и инвестиционо одржување | 19.027,00 | 77.280,00 | 245.856,00 | 1192 | 218 | 1 |
| | Трошоци за софтверско одржување | 512.274,00 | 550.000,00 | 512.274,00 | 0 | -7 | 3 |
| | Услуги за одржување на хигиена | 7.500,00 | 60.000,00 | 7.500,00 | 0 | -88 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Наемнина за деловен простор | 34.288,00 | 35.000,00 | 34.325,00 | 0 | -2 | 0 |
| | Комунални услуги | 21.449,00 | 24.000,00 | 26.876,00 | 25 | 12 | 0 |
| | Пропаганда, реклама, промоција и маркетинг услуги | 33.084,00 | 154.000,00 | 27.834,00 | -16 | -82 | 0 |
| | Регистрација на моторни возила | 27.718,00 | 30.400,00 | 10.666,00 | -62 | -65 | 0 |
| | Останати услуги | 24.276,00 | 26.250,00 | 67.728,00 | 179 | 158 | 0 |
| 4 | **Плати, надоместоци на плати и останати трошоци на вработени** | **9.286.805,00** | **10.432.000,00** | **10.258.092,00** | 10 | -2 | 58 |
| | Плати и надоместоци на плати | 8.586.805,00 | 9.623.000,00 | 10.258.092,00 | 19 | 7 | 58 |
| | Отпремнина за заминување во пензија | | 25.000,00 | 0,00 | | -100 | 0 |
| | Помошти на вработени | | 24.000,00 | 0,00 | | -100 | 0 |
| | Трошоци за регрес на годишен одмор | 700.000,00 | 760.000,00 | 0,00 | -100 | -100 | 0 |
| 5 | **Трошоци за амортизација** | **1.805.156,10** | **2.151.532,00** | 1.941.084,00 | 8 | -10 | 11 |
| 6 | **Вкупно оперативни расходи (1+2+3+4+5)** | **14.887.680,10** | **16.534.862,00** | 16.713.202,00 | 12 | 1 | 94 |
| 7 | **Останати раходи** | **730.345,00** | **1.320.350,00** | 1.049.267,00 | 44 | -21 | 6 |
| | Трошоци за службени патувања | 0,00 | 60.000,00 | | | -100 | 0 |
| | Трошоци за репрезентација | 50.643,00 | 96.000,00 | 36.081,00 | -29 | -62 | 0 |
| | Надомест на Управен одбор | 173.334,00 | 190.000,00 | 176.364,00 | 2 | -7 | 1 |
| | Надомест на Надзорен одбор | 173.331,00 | 173.500,00 | 173.331,00 | 0 | 0 | 1 |
| | Надомест на трошоци на директор | 14.667,00 | 17.250,00 | 14.001,00 | -5 | -19 | 0 |
| | Финансиска помош на физички лица | 0,00 | 25.000,00 | 0,00 | | -100 | 0 |
| | Стручно усовршување | 21.500,00 | 68.000,00 | 18.795,00 | -13 | -72 | 0 |
| | Премии за осигурување | 0,00 | 50.000,00 | -5.434,00 | | -111 | 0 |
| | Банкарски услуги | 39.875,00 | 51.200,00 | 31.497,00 | -21 | -38 | 0 |
| | Трошоци за лиценци | 0,00 | 90.300,00 | 0,00 | | -100 | 0 |
| | Трошоци за интелектуални услуги | 148.002,00 | 38.850,00 | 134.365,00 | -9 | 246 | 1 |
| | Ревизорски услуги | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | | 0 |
| | Трошоци за весници и стручна литература | 0,00 | 20.000,00 | 0,00 | | -100 | 0 |
| | Донации | 0,00 | 360.000,00 | 355.848,00 | | -1 | 2 |
| | Трошоци за ISO 9001:2015 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Трошоци за систематски преглед | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | | 0 |
| | Останати непредвидени трошоци | 108.993,00 | 80.250,00 | 114.419,00 | 5 | 43 | 1 |
| **8** | **Вкупно останати расходи** | **730.345,00** | **1.320.350,00** | **1.049.267,00** | 44 | -21 | 6 |
| **9** | **Вкупно расходи (6+8+10 )** | **17.291.207,10** | **17.855.212,00** | **17.803.626,00** | 3 | -0,29 | 100 |
| **10** | **Вредносно усогласување на тековни средства** | **1.673.182,00** | | **41.157,00** | 2 | | 0 |
| | Материјални средства | 1.490.000,00 | | | -100 | | 0 |
| | Краткорочни побарувања | 11.366,00 | | | -100 | | 0 |
| | Залихи | 171.816,00 | | 41.157,00 | -76 | | 0 |
| **11** | **Финасиски резултат-добивка** | **4.529.973,68** | **-5.112.762,00** | **8.451.576,40** | **87** | **-265,30** | 47 |

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

### 1. ПРИХОДИ

Од податоците дадени во Прегледот бр.2 може да се констатира дека, вкупните остварени приходи во четвртото тримесечие во 2019 година споредени со вкупните остварени приходи во четвртото тримесечие во 2018 година бележат зголемување за 20% или остварувањето по ставки:

- Ставката, **Претплата на „Службен весник на РСМ“ во печатена форма**, бележи намалување за 11% во однос на истиот период од 2018 година, поради намалениот број на претплатници и бројот на примероци по претплатници;
- Ставката, **Претплата на Регистар на прописи**, бележи намалување за 59% во однос на истиот период од 2018 година, поради намален број на претплатници;
- Ставката, **Огласи за објавување,** бележи зголемување за 44% во однос на истиот период од 2018 година;
- Ставката, **Претплата на електронско издание на Базата на прописи на РСМ,** бележи намалување за 33% во однос на истиот период од 2018 година;
- Ставката, **Претплата на електронско издание на “Службен весник на РСМ”,** бележи намалување за 9% во однос на истиот период од 2018 година;
- Ставката, **Продажба на литература,** бележи зголемување за 30,397 денари во однос на истиот период од 2018 година;
- Ставката, Финансиски приходи, бележи зголемување за 81% во однос на истиот период од 2018 година, поради поголеми приходи од средства на жиро сметка и камата на орочени парични средства.
- Ставката, **Други приходи,** бележи намалување за 23% во однос на истиот период од 2018 година. Оваа ставка ја сочинуваат приходи од трошоци и казнени камати на износ од 4.926 денари, 31.560 денари премии од штети и 9.101 денари од отпишани аванси.

### 2. ТРОШОЦИ

Вкупните остварени трошоци во четвртото тримесечје во 2019 година споредени со вкупните трошоци остварени во истиот период од 2018 година бележат зголемување за 3,0% или остварувањето по ставки е како следи:

**1. Ставката, Трошоци за издавање,** бележи зголемување за 19% во однос на истиот период од 2018 година, поради следното:

- Потставката, **Трошоци за печатење на службеното гласило „Службен весник на РСМ“,** бележи зголемување за 19% во споредба со истиот период од 2018 година, поради зголемениот број на издадени службени весници и зголемениот обем на материјали за печатење. Во четвртото тримесечие во 2019 година, издадени се 82 броја службени весници што е за 14 броја повеќе во однос на истиот период во 2018 година и претставува зголемување за 20,59%, додека во однос на обемот на отпечатени табаци по примерок, во анализираниот период во 2019 година отпечатени се 644.5 табаци што претставува зголемување за 29,94% во однос на отпечатените 496 табаци во истиот период во 2018 година;

**Просечна цена по страна** во четвртото тримесечје 2018 год. изнесувала 0,179 дени, а додека во 2019 год. 0,182 дени.

- Потставката, **Трошоци за стручна литература и други изданија,** изнесуваат 10.674 денари.

**2. Ставката, Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар,** бележи намалување за 4% во однос на истиот период од 2018 година, а се должи на следното:

- Потставката, **<u>Трошоци за канцелариски материјали,</u>** бележи зголемување за 14% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ трошоците се поголеми за 16.614 денари, цената на фотокопирната хартија е поголема за 72% (197 денари во 2019 година, 114,25 денари во 2018 година)
- Потставката, **<u>Трошоци за материјали за тековно и инвестиционо одржување,</u>** бележи зголемување за 78% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ трошоците се поголеми за 13.025 денари;
- Потставката, **<u>Трошоци за материјали за чистење и одржување хигиена,</u>** бележи зголемување за 16% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ трошоците се поголеми за 2.911 денари;
- Потставката, **<u>Трошоци за помошни и други материјали,</u>** бележи зголемување за 50% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ за 2.434 денари;
- Потставката, **<u>Трошоци за електрична и топлотна енергија</u>,** бележи намалување за 13% или во апсолутен износ трошоците се помали за 52.189 денари во однос на истиот период од 2018 година;
- Потставката, **<u>Трошоци за горива и масла за возила</u>,** бележи намалување за 13% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ за 11.891 денари;
- Потставката, **<u>Трошоци за резервни делови</u>,** се на исто ниво во однос на истиот период од 2018 година и изнесуваат 32.135 денари.

**3. Ставката, <u>Трошоци за услуги,</u>** бележи зголемување за 32% во однос на истиот период од 2018 година, а се должи на следното:

- Потставката, **<u>Трошоци за поштенски услуги,</u>** бележи зголемување за 17% во однос на истиот период од 2018 година, поради зголмениот број на испорачани пратки до крајните корисници.
- Потставката, **<u>Трошоци за телекомуникациски услуги,</u>** бележи зголемување за 14% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ за 9.181 денари.
- Потставката, **<u>Трошоци за интернет услуги</u>,** бележи зголемување за 49% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ трошоците се зголемени за 34.041 денар т.е. на месечно ниво по 11.347 денари поради зголемување на капацитетот на интернет линкот и бројот на сервери на резервната локација;
- Потставката, **<u>Трошоци за графички услуги</u>,** изнесува 19.000 денари и се однесува на печатење дизајн на кеси, дизајн на банер за 75 годишен јубилеј на ЈП Службен весник на РСМ.
- Потставката, **<u>Трошоци за тековно и инвестиционо одржување</u>,** изнесуваат 245.856 денари, и се однесуваат на трошоците за редовното одржување на опремата, а во 2019 година извршена е и поправка и замена на системот за парно греење, неонки, резервен дел за читач на СД картици и сл. како и инсталација на контролен струјомер за Еуротел, годишно тековно одржување за 2017 и 2018 за Еуротел – Струга.
- Потставката, **<u>Трошоци за софтверско и хардверско одржување</u>,** е на исто ниво во однос на истиот период од 2018 година, а се однесува на редовно превентивно месечно софтверско одржување на апликациите;
- Потставката, **<u>Трошоци за услуги за одржување на хигиена</u>**, е на исто ниво во однос на истиот период од 2018 година и изнесува 7.500 денари;
- Потставката, **<u>Трошоци за наемнина за деловен простор</u>**, е на исто ниво како и во анализираниот период од 2018 година;
- Потставката, **<u>Трошоци за комунални услуги</u>**, бележи зголемување за 25% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ трошоците се поголеми за 5.427 денари;
- Потставката,**<u>Трошоци за пропаганда,реклама,промоција и маркетинг услуги</u>** бележи намалување од 16 % во однос на истиот период во 2018 година и изнесува 27.834 денари, бидејќи во 2018 се издвоени повеќе средства за медиумска кампања(закуп на рекламен

простор),додека во четвртиот квартал во 2019 година се издвоени средства за рекламен материјал(печатење папки, тефтер со корица и сл)

- Потставката, **<u>Трошоци за регистрација на моторни возила</u>**, бележи намалување за 62% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ трошоците се помали за 17.052 денари а се должи на регистрирање на возилата во различити квартали.
- Потставката, **<u>Трошоци за останати услуги</u>**, изнесуваат 67.728 денари и се однесуваат на услуги за паркирање, патарина, миење возила, кабловска, укоричување на службени весници, визит карти, заклучници, објава на огласи за вработување.

4. Ставката, **<u>Плати, надоместоци на плати и останати трошоци на вработени</u>** , бележи зголемување за 10% во однос на истиот период од 2018 година.

- Потставката, **<u>Плати и надоместоци на плати</u>**, бележи зголемување за 19% во однос на истиот период од 2018 година бидејќи стапките на придонесите се зголемени, како и платите од месец ноември согласно колективниот договор како резултат на взаемната соработка и преговори помеѓу вработени во претпријатието со Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани (УПОЗ) се утврдија одредбите на новиот Колективен договор на Јавното претпријатие.

Во новиот Колективен договор на нов начин се утврдуваат платите на вработените во Јавното претпријатие и тоа: вработените со статус на административни– група јавни службеници и вработените со статус на помошно–технички лица во претпријатието.

Водејќи се од принципот на еднаква плата за еднаква работа, земајќи го во предвид степенот на сложеност/ниво на работно место, неускратувајќи ги стекнатите права на вработените и утврдените финансиски средства за плати и надоместоци на плати во Финанскиот план на јавното претријатие за 2019 година, трендот на долгогодишни позитивни финансиски резултати во работењето на јавното претпријатие, се дојде до трансформација и нивелација на коефициентите во бодови и утврдување на вредноста на бодот. (Службен весник на РСМ, бр.237 од 15.11.2019)

**5.Ставката, <u>Трошоци за амортизација,</u>** бележи зголемување за 8% во однос на истиот период во 2018 година или во апсолутен износ од 135.927 денари поради ново набавени материјални и нематеријални средства. Се вкупно од 01.01.2019 до 31.12.20019 година ново набавени нематерјални средства се во износ од 4.757.100 денари и тоа: 4 (четри) SSL сертификати и 1 (еден) сертификат за серверско дигитално потпишување во вредност од 202.383 денари; Надградба на апликацијата за нотари и извршители, Компонента за pdf електронско потпишување, Надградба на апликацијата за огласи за интеграција со АКМИС системот на Врховен Суд, Мобилна апликација „Службен весник на мобилен телефон“, надградба на модулот за интеграција со ЕСЈН, согласно новиот закон за Јавни набавки и Поврзување на апликацијата за огласи со националниот систем за Услуги, се вкупно во вредност од 3.220.200 денари, Symantec лиценци за период од 3 години во вредност од 1.297.617 денари во подготовка( за кои се пресметува амортизација од декември) како и матерјални средства во вредност од 5.050.710 денари и тоа : компјутерска опрема 181.307 денари и канцелариска опрема (3 камери за видео надзор и клима уред) 34.310 денари, персонални компјуерри (15 персонални копмутери), 9 преносни компјутери, 2 мрежни уреди, 1 проекотр, 1 Сервер наменет за резервна локација во Штип со вклучена миграција на податоците од стариот сервер, 1 Сервер наменет за во дирекцијата на јавното претпријатие. На самите сервери инсталирани се и оперативни системи, како и систем за електорнска комуникација и база на податоци во вкупна вредност од 4.835.093 денари и истите се набавени во месец ноември 2019 година и за кој се пресметува амортизазација од месец декември 2019 година.

**6. Вкупно оперативни расходи кои погоре се објаснети бележат зголемување за 12% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ за 1.825.521,90 денари а земаат апсолутно голем процент т.е. 94% од вкупните трошоци;**

**7. Ставката, Останати трошоци од работење,** бележи зголемување за 44% во однос на истиот период од 2018 година, а се должи на следното:

- Потставката, **Трошоци за репрезентација,** бележи намалување за 29% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ за 14.562 денари;
- Потставката, **Трошоци за надоместоци на Управен одбор**, бележи зголемување за 2%, во однос на истиот период од 2018, односно во апсолутен износ од 3.030 денари, бидејќи во месец декември 2019 година назначен е уште еден внатрешен член на У.О.
- Птставката, **Трошоци за надоместоци на Надзорен одбор**, е на исто ниво како и во анализираниот период во 2018 година;
- Потставката, **Надоместоци на трошоци на директор**, изнесува 14.001 денари и го сочинува надоместокот на трошоците за превоз за пристигнување на работа и враќање од работа во местото на живеење, Куманово, на директорот, во висина на автобуска карта во двата правци на релација Куманово-Скопје (200,00 денари дневно);
- Потставката,**Трошоци за стручно усовршување,** бележи намалување за 13% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ за 2.705,00 денари. Направени се 7 КПУ обуки за сметководство на четири вработени, едукација за јавни набавки за едно лице, и стручно советување за едно лице во износ од 18.795 денари.
- Потставката, **Трошоци за премии за осигурување,** бележат негативен износ од -5.434 денари бидејќи се работи за сторниран износ а се однесува за каско осигурување на возила за нареден период од 01.01.2020 до 05.06.2020 година.
- Потставката, **Трошоци за банкарски услуги**, бележи намалување за 21% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ трошоците се помали за 8.378 денари поради намален обем на трансакции и провизии на истите.
- Потставката, **Трошоци за интелектуални услуги**, бележи намалување за 9% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ за 13.637 денари, а се однесуваат на помал број лица ангажирани по договор на дело за изработка на редакциски пречистени текстови.
- Потставката, **Трошоци за донации**, изнесува 355.848 денари и се однесува на донирање финансиски средства на женски фудбалски клуб Тиверија-Струмица врз основа на ваучери за даночно ослободување за финансирање на спортски субјекти а согласно Закон за спорт.
- Потставката, **Останати непредвидени трошоци**, бележи зголемување за 5% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ за 5.426 денари.Тука спаѓаат членарина во институтот за сметководители, чланарини за картички, ДДВ за бесплатен пристап и рекламации, ДДВ за промотивен интернет пристап-мобилна апликација, административни такси, надомести на штети, сертификати, зелен картон за возило, премиум пакет за подршка на фискален апарат, надоместок на централен регистар, објава на јавен оглас за вработување, промена на ветеробранско стакло за Пасат, ангажман на едно лице по договор на дело за вршење на помошно технички работи во износ од 10.000 денари месечно.

**7.Ставката, Вредносно усогласување на тековни средства**, во износ од 41.157 денари се однесува на отпис на службени весници од 2018 година бидејќи ја губат употребната вредност.

## 3. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| | СПЕЦИФИЦИРАНИ ПРИХОДИ /РАСХОДИ | ОСТВАРЕНО за IV квартал од 2018 | ПЛАНИРАНО за IV квартал од 2019 ( тековна година) | ОСТВАРЕНО за IV квартал од 2019 | Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. Год. (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Вкупно приходи од дејноста | 21.470.386 | 12.725.950 | 25.681.352 | 20 |
| **2** | Вкупно останати приходи | 350.794 | 16.500 | 573.850 | 64 |
| **3** | **Вкупно приходи (1+2)** | **21.821.181** | **12.742.450** | **26.255.202** | |
| | **Расходи од дејноста** | | | | |
| 1 | Трошоци за издавање | 1.967.043,00 | 1.520.000,00 | 2.345.119,00 | 19 |
| 2 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 682.911 | 1.009.600 | 652.920 | -4 |
| 3 | Трошоци за услуги | 1.145.765 | 1.421.730 | 1.515.987 | 32 |
| 4 | Плати, надоместоци на плати и останати трошоци на вработени | 9.286.805 | 10.432.000 | 10.258.092 | 10 |
| 5 | Трошоци за амортизација | **1.805.156** | 2.151.532 | 1.941.084,00 | 8 |
| 6 | **Вкупно оперативни расходи (1+2+3+4+5)** | **14.887.680** | **16.534.862** | **16.713.202** | **12** |
| 7 | Вкупно останати расходи | 730.345 | 1.320.350 | 1.049.267 | 44 |
| **8** | **Вредносно усогласување на тековни средства** | 1.673.182 | | 41.157,00 | -98 |
| **9** | **Вкупно расходи (6+7+8 )** | **17.291.207** | **17.855.212** | **17.803.626** | **3** |
| | **Финансиски резултат** | **4.529.974** | **-5.112.762** | **8.451.576** | **87** |

Во периодот октомври-декември **2019** година остварен е позитивен финансиски резултат во износ од 8.451.576 денари и во споредба со истиот период во 2018 година бележи зголемување за 87%.

## 4. НЕИЗМИРЕНИ ОБВРСКИ

| | ОПИС | 2018 | 2019 | % |
|---|---|---|---|---|
| 4 | **Вкупно неизмирени обврски** | **820.831,00** | **1.423.907,00** | **100,00** |
| 1 | Трошоци за струја , вода, парно, комунал. хигиена, надомест на град.земјиште | 249.157,00 | 206.641,00 | 14,51 |
| 2 | Поштенски услуги | 153.391,00 | 145.531,00 | 10,22 |
| 3 | Телефонски трошоци | 22.353,00 | 101.602,00 | 7,14 |
| 4 | Маркетинг услуги | 43.896,00 | | 0,00 |
| 5 | Канцелариски материјали | 0,00 | | 0,00 |
| 6 | Трошоци за горива | 18.661,00 | 27.921,00 | 1,96 |
| 7 | Материјали за одржување на хигиена | 0,00 | 6.963,00 | 0,49 |
| 8 | Одржување на софтвер | 7.080,00 | 192.054,00 | 13,49 |
| 9 | Одржување на опрема | 8.347,00 | 1.770,00 | 0,12 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10 | Печатење на службени весници и други изданија | 269.646,00 | 671.671,00 | 47,17 |
| 11 | Трошоци за дневни весници и стручна литература | 0,00 | | 0,00 |
| 12 | Трошоци за интернет | 30.214,00 | 10.928,00 | 0,77 |
| 13 | Репрезентација | 0,00 | | 0,00 |
| 14 | Набавка на опрема | 0,00 | | 0,00 |
| 15 | Набавка на ситен инвентар | 0,00 | | 0,00 |
| 16 | Останати услуги | 18.086,00 | 58.826,00 | 4,13 |
| | **Обврски по основ на даноци** | | **1.853.095,00** | |
| | **Вкупно** | | **3.277.002,00** | |

Неизмирени обврски спрема добавувачи на претпријатието на крајот на четвртото тримесечие од 2019 година изнесуваат 1.423.907 денари.

Во вкупните обврски спрема добавувачи најголемо учество имаат: обврската за печатење на службеното гласило „Службен весник на РСМ" 47,17%, обврските за тековните трошоци за струја, вода, ѓубретарина, топлинска енергија 14,51%, обврската за одржување на софтверите 13,49% обврската за поштенските услуги 10,22%, телефонските трошоци 7,14% или нивното учество во вкупните обврски изнесува 92,53%.

Горе наведените обврски се измирени во наредниот месец согласно нивната валута на доспевање.

## 5. НЕРЕАЛИЗИРАНИ ПОБАРУВАЊА

| | ОПИС | 2018 | 2019 | % |
|---|---|---|---|---|
| **5** | **Вкупно ненаплатени побарувања од купувачи** | **7.453.393,00** | **9.712.423,00** | **100,00** |
| | Извршени услуги- објавување на огласи | 7.061.700,00 | 9.314.123,00 | 95,90 |
| | Претплата на службени весници | 8.850,00 | 15.300,00 | 0,16 |
| | Претплата на регистар | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | Претплата на електронски изданија | 381.700,00 | 383.000,00 | 3,94 |
| | Продажба на стручна литература и други изданија | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | Претплата на службени весници во странство | | 0,00 | 0,00 |
| | Од префактурирана електрична енергија | 1.143,00 | 0,00 | 0,00 |
| | **Побарувања по основ на даноци** | | **10.101,00** | |
| | **Финансиски побарувања** | | **2.191,00** | |
| | **Вкупно** | | **9.724.715,00** | |

Побарувањата од купувачи на крајот на четвртото тримесечие од 2019 година изнесуваат вкупно 9.712.423 денари. Вкупните ненаплатени побарувања ги сочинуваат: ставката извршени услуги за објавени огласи (во најголем дел тендери за јавни набавки) 95,90%, ставката претплата на службени весници 0,16% и ставката претплата на електронски изданија 3,94%.

Во вкупните ненаплатени побарувања од купувачи, побарувањата од јавниот сектор изнесуваат 8.688.959 денари или 89,46%, додека побарувањата од трговските друштва и други субјекти изнесуваат 1.023.464 денари или 10,54%. Во вкупните побарувања од јавниот сектор побарувањата од министерствата и органите во состав на министерствата изнесуваат 1.051.376 денари или 10,83%, побарувањата од општините и јавните установи изнесуваат 5.558.583 денари или 57,23% и побарувањата од јавните претпријатија изнесуваат 2.079.000 денари или 21,41%.

## 6. СОСТОЈБА НА ТРАНСАКЦИСКИТЕ СМЕТКИ

| | ОПИС | 2018 | 2019 | % |
|---|---|---|---|---|
| **6** | **Состојба на трансакциски сметки** | **192.532.576,00** | **185.483.971,00** | **100,00** |
| | Комерцијална банка | 30.247.530,00 | 877.754,00 | 0,47 |
| | Халкбанк | 5.621.634,00 | 103.298,00 | 0,06 |
| | Прокредит | 0,00 | 176.979.591,00 | 95,42 |
| | Тутунска банка | 5.646.491,00 | 232.676,00 | 0,13 |
| | Централна кооперативна банка | 44.915.048,00 | 139.096,00 | 0,07 |
| | Универзална Инвестициона банка | 85.454.859,00 | 179.740,00 | 0,10 |
| | ТТК банка | 2.260.553,00 | 50.601,00 | 0,03 |
| | Стопанска Банка | 9.591.083,00 | 41.388,00 | 0,02 |
| | Еуростандард банка | 360.709,00 | 6.847.891,00 | 3,69 |
| | Шпаркасе банка | 8.434.669,00 | 31.936,00 | 0,02 |

Состојбата на средствата на сметките на крајот на четвртото тримесечие од 2019 година изнесува 185.483.971 денари и во однос на истиот период од 2018 година средствата бележат намалување за 3,66% .

## 7. ВРАБОТЕНИ ЛИЦА И ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА НЕТО ПЛАТА

| | ОПИС | 2018 | 2019 | % |
|---|---|---|---|---|
| **7** | **Вкупен број на вработени лица** | **50** | **50** | 0,00 |
| | Вработени на неопределено време | 43 | 43 | |
| | Вработени на определено време | 6 | 6 | |
| | Именувано лице од Влада | 1 | 1 | |
| **8** | **Просечно исплатена нето плата** | **38.351,00** | **40.529,00** | 5,68 |

На крајот на четвртото тримесечие од 2019 година вкупниот број на вработени лица изнесува 50 лица и во споредба со истиот период од 2018 година бројот на вработените е ист.

Просечната нето плата исплатена во периодот октомври – декември 2019 година изнесува 40.529 денари и во споредба со истиот период од 2018 година бележи зголемување за 5,68%, согласно ново утврдената вредност на бодот за пресметување на платите на вработените.

## 8. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| | 1. БИЛАНС НА СОСТОЈБА | ОСТВАРЕНО за II квартал од 2018 | ПЛАНИРАНО за квартал од 2019 година | ОСТВАРЕНО за II квартал од 2019 година | Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. година (%) | Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. Година (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **АКТИВА** | | | | | | |
| 1 | Парични средства | 81.872.414 | -8.639.300 | -59.316.281 | -72 | -72 | 5.028 |
| 2 | Побарувања | -2.003.091 | 22.500.064 | -1.504.060 | 75 | 75 | 127 |
| 3 | Залихи | 38.980 | 0 | 27.492 | 71 | 71 | -2 |
| 4 | Краткорочни финансиски средства | -80.000.000 | 0 | 60.000.000 | -75 | -75 | -5.086 |
| 5 | Други тековни средства (АВР) | 64.640 | 0 | 14.542 | 22 | 22 | -1 |
| 6 | **Тековна актива** (1 + 2 + 3 + 4 + 5) | **-27.057** | **13.860.764** | **-778.307** | **2.877** | **2.877** | **66** |
| 7 | Материјални средства и вложувања во недвижности | -898.031 | -1.968.656 | -969.927 | 108 | 108 | 82 |
| 8 | Долгорочни финансиски вложувања | 0 | 0 | 0 | | | 0 |
| 9 | Нематеријални средства | 591.309 | 0 | 568.572 | 96 | 96 | -48 |
| 10 | Долгорочни финансиски средства | 0 | 0 | 0 | | | 0 |
| 11 | Други средства | 0 | 0 | 0 | | | 0 |
| 12 | **Вкупна актива** (6 + 7 + 8 + 9 + 10 + 11 ) | **-333.779** | **11.892.108** | **-1.179.662** | **353** | **353** | **100** |
| 13 | **Вонбилансна актива** | **0** | **0** | **0** | | | **0** |

| | **ПАСИВА** (Обврски и Акционерски капитал) | **ОСТВАРЕНО** | **ПЛАНИРАНО** | **ОСТВАРЕНО** | **Споредбена анализа** | **Споредбена анализа** | **Структурна Анализа Тековна година (%)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **за II квартал од 2018** | **за квартал од 2019 година** | **за II квартал од 2019 година** | **оств. тек. година/ оств. претх. година (%)** | **оств. тек. година / план. тек. Година (%)** | |
| 14 | Краткорочни обврски | -745.283 | 9.201.764 | -1.716.439 | 230 | -19 | 146 |
| 15 | Одложено плаќање на трошоци и приходи (ПВР) | 534.909 | 0 | 603.429 | 113 | | -51 |
| 16 | **Тековни обврски** (14+15) | **-210.374** | **9.201.764** | **-1.113.010** | 529 | -12 | 94 |
| 17 | Долгорочни обврски | 0 | 0 | 0 | | | |
| 18 | Други долгорочни обврски и резервирања за ризици и трошоци | 0 | 0 | 0 | | | |
| 19 | **Нетековни обврски** (17+18) | **0** | **0** | **0** | | | |
| 20 | **Обврски** (16+19) | **-210.374** | **9.201.764** | **-1.113.010** | 529 | -12 | 94 |
| 21 | Капитал | 0 | 0 | 0 | | | 0 |
| 22 | Акумулирана добивка | 0 | 0 | 13.963.950 | | | -1.184 |
| 23 | Резерви | 18.246.023 | 0 | 734.945 | 4 | | -62 |
| 24 | Ревалоризациони резерви | 0 | 0 | 0 | | | 0 |
| 25 | Добивка/ Загуба за деловната година | -18.369.428 | 2.690.344 | -14.765.547 | 80 | -549 | 1.252 |
| 26 | **Вкупен капитал** (21+22+23+24+25) | **-123.405** | **2.690.344** | **-66.652** | **54** | **-2** | **6** |
| 27 | **Вкупно Обврски и капитал** (20+26) | **-333.779** | **11.892.108** | **-1.179.662** | **353** | **-10** | **100** |
| 28 | **Вонбилансна пасива** | **0** | **0** | **0** | | | **0** |

*Во планираниот период се опфатени настани предизвикани од планираните приходи и расходи на претпријатието, исто така треба да се има во предвид дека не е земена почетната состојба на билансот што рефлектира со големи дискрепанции во планирано и остварено на поодделни позиции.

## 9. БИЛАНС НА УСПЕХ

| | 2. БИЛАНС НА УСПЕХ | ОСТВАРЕНО за IV квартал од 2018 година | ПЛАНИРАНО за IV квартал од 2019 година | ОСТВАРЕНО за IV квартал од 2019 година | Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. год (%) | Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. Година (%) | Структурна анализа тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 29 | Приходи од продажба | 14.972.728 | 12.725.950 | 20.817.803 | 0 | 0 | 100 |
| 30 | Останати оперативни приходи | 59.256 | 16.500 | 45.587 | 0 | 0 | 0 |
| **31** | **Вкупно оперативни приходи (29+30)** | **15.031.984** | **12.742.450** | **20.863.390** | **0** | **0** | **100** |
| 32 | Потрошени суровини и материјали | 1.828.676 | 2.431.330 | 2.168.907 | 0 | 0 | 12 |
| 33 | Трошоци за вработените | 9.286.805 | 10.432.000 | 10.258.092 | 0 | 0 | 58 |
| 34 | Амортизација на материјални средства | 1.805.159 | 2.151.532 | 1.941.084 | 0 | 0 | 11 |
| 35 | Вредносно усогласување на тековни средства | 1.673.182 | 0 | 41.157 | 0 | 0 | 0 |
| 36 | Набавна вредност на продадени стоки | 1.967.043 | 1.520.000 | 2.345.119 | 0 | 0 | 13 |
| 37 | Останати оперативни расходи | 730.014 | 1.320.350 | 1.048.646 | 0 | 0 | 6 |
| **38** | **Вкупно оперативни расходи (32+33+34+35+36+37)** | **17.290.879** | **17.855.212** | **17.803.005** | **0** | **0** | **100** |
| **39** | **Добивка од оперативно работење (31+38)** | **-2.258.895** | **-5.112.762** | **3.060.385** | **0** | **0** | **0** |
| 40 | Приходи од финансирање | 285.259 | 0 | 528.263 | 0 | 0 | 0 |
| 41 | Расходи од финансирање | 331 | 0 | 621 | 0 | 0 | 0 |
| **42** | **Добивка пред оданочување (39+40-41)** | **-1.973.967** | **-5.112.762** | **3.588.027** | **0** | **0** | **0** |
| 43 | Данок на добивка | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **44** | **Нето добивка / загуба** | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

*Примена на принципот на спротивставување на приходите со расходите доведува до разлика на Приходите во биласот на успех со приходите прикажани во табелата-специфицирани приходи/расходи .

**Разликата помеѓу приходите се приходи кои се однесуваат за останатите девет месеци.

***Од горенаведените причини произлегува и разликата на добивката искажана во БУ со добивката во табелата-специфицирани приходи/расходи.

## 10. АМОРТИЗАЦИЈА

| | СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ФИКСНИ СРЕДСТВА И АМОРТИЗАЦИЈА [1] | СОСТОЈБА за IV квартал од 2018 година | АМОРТИЗАЦИЈА за IV квартал од 2018 година | СОСТОЈБА за IV квартал од тековна 2019 година | АМОРТИЗАЦИЈА за IV квартал од тековна 2019 година | ПРЕДВИДЕНА АМОРТИЗАЦИЈА за следен квартал од тековна година | Процент на промена на основни средства (%) | Процент на промена на амортизација (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | | | | | | |
| **1** | Имот, машини и опрема | 0 | 970.539 | 4.835.093 | 998.359 | | 0 | 1 |
| **2** | Возила | 0 | 151.918 | 0 | 69.095 | | | 2 |
| **3** | Мебел и вградување на мебел | 0 | 4.584 | 0 | 4.584 | | | 1 |
| **4** | Останати материјални основни средства | 0 | 17.795 | 0 | 13.238 | | | 1 |
| **5** | **Вкупно материјални средства (1 + 2 + 3 + 4)** | **0** | **1.144.835** | **4.835.093** | **1.085.276** | | | |
| | **НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | | | | | | |
| **6** | Дадени аванси | 0 | 0 | 0 | 0 | | | |
| **7** | Права | 0 | 0 | 0 | 0 | | | |
| **8** | Гудвил | 0 | 0 | 0 | 0 | | | |
| **9** | Трошоци за истражување и развој | 0 | 0 | 0 | 0 | | | |
| **10** | Други нематеријални средства | 0 | 660.321 | 1.441.617 | 855.808 | | 0 | 1 |
| **11** | **Вкупно нематеријални средства (6 +7 + 8 + 9 + 10)** | **0** | **660.321** | **1.441.617** | **855.808** | **0** | | |
| **12** | **Вкупно расходи (5 +11 )** | **0** | **1.805.156** | **6.276.710** | **1.941.084** | **0** | | |

## 11.КАПИТАЛ

| 7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ | ОСТВАРЕНО | ПЛАНИРАНО | ОСТВАРЕНО | Споредбена анализа | Споредбена анализа | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | за IV квартал од претходна година 2018 | за IV квартал од тековна година 2019 | за квартал од 2019 година | оств. тек. година/ оств. претх. година (%) | оств. тек. година / план. тек. Година (%) | |
| Акумулирана добивка од претходна година | 0 | 0,00 | | 0 | 0 | 0 |
| Нераспределена добивка на почетокот на периодот | 0 | 0,00 | | 0 | 0 | 0 |
| Нето добивка/загуба за деловната година | -2401964 | -5.112.762,00 | 3.429.174,00 | 0 | 0 | 0 |
| Резерви | 0 | 0,00 | | 0 | 0 | 0 |
| Ревалоризациони резерви | 0 | 0,00 | | 0 | 0 | 0 |
| Дивиденда | 0 | 0,00 | | 0 | 0 | 0 |
| Усогласувања на задржаната добивка | | | | | | |
| Нераспределена добивка на крајот на периодот | 0 | 0,00 | | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | -2.401.964 | -5.112.762 | 3.429.174,00 | | | |

## 12. КВАРТАЛНИ ПОДАТОЦИ

| ПРЕГЛЕД НА КВАРТАЛНИ ПОДАТОЦИ | КВАРТАЛ 1 | | | КВАРТАЛ 2 | | | КВАРТАЛ 3 | | | КВАРТАЛ 4 | | | ВКУПНО 2019 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План[1] | Реали-зација[2] | Промена (%) | План | Реали-зација | Промена (%) | План | Реали-зација | Промена (%) | План | Реали-зација | Промена (%) | План | Реали-зација | Промена (%) |
| Тековна актива | 10.064 | 261.728 | 2.501 | 13.861 | -788 | -106 | 14.215 | 7.486 | -47 | 4.345 | 7.421 | 71 | 42.485 | 275.847 | 549 |
| Тековни обрвски | 8.002 | 4.733 | -41 | 9.202 | -1.113 | -112 | 8.849 | 2.808 | -68 | 7.306 | 9.029 | 24 | 33.359 | 15.457 | -54 |
| Вкупно приходи од дејноста | 15.719 | 32.292 | 105 | 19.050 | 15.223 | -20 | 19.879 | 19.081 | -4 | 12.742 | 20.863 | 64 | 67.390 | 87.459 | 30 |
| Вкупно приходи | 16.161 | 33.256 | 106 | 19.389 | 16.146 | -17 | 19.966 | 19.729 | -1 | 12.742 | 21.392 | 68 | 68.258 | 90.523 | 33 |
| Вкупно расходи од дејноста | 15.940 | 15.042 | -6 | 16.709 | 15.901 | -5 | 16.638 | 14.844 | -11 | 17.855 | 17.803 | 0 | 67.142 | 63.590 | -5 |
| Вкупно расходи | 15.940 | 15.042 | -6 | 16.709 | 15.974 | -4 | 16.638 | 14.845 | -11 | 17.855 | 17.804 | 0 | 67.142 | 63.665 | -5 |
| Трошоци за плата | 8.901 | 8.730 | -2 | 8.977 | 8.761 | -2 | 9.339 | 8.876 | -5 | 10.432 | 10.258 | -2 | 37.649 | 36.625 | -3 |
| Просечен број на вработени | 50 | 50 | 0 | 51 | 50 | -2 | 54 | 50 | -7 | 55 | 51 | -7 | 0 | 201 | |
| Вкупно трошоци за кредити | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | 0 | 0 | |
| Резерви | 66.332 | 84.578 | 28 | 0 | 735 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | 66.332 | 85.313 | 29 |
| Капитал | 248.351 | 213.999 | -14 | 0 | 13.963 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | 248.351 | 227.962 | -8 |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Добивка / Загуба | 221 | 18.214 | 8.142 | 2.690 | 172 | -94 | 3.328 | 4.884 | 47 | -5.113 | 3.588 | -170 | 1.126 | 26.858 | 2.285 |
| Вкупно материјални средства | 100 | 52.766 | 52.666 | 3.100 | 181 | -94 | 180.000 | 15 | -100 | 29.300 | 4.835 | -83 | 212.500 | 57.797 | -73 |
| Вкупно нематеријални с-ва | 930 | 8.531 | 817 | 3.500 | 1.396 | -60 | 3.000 | 202 | -93 | 1.200 | 1.442 | 20 | 8.630 | 11.571 | 34 |
| Вкупно средства | 1.030 | 61.297 | 5.851 | 6.600 | 1.577 | -76 | 183.000 | 217 | -100 | 30.500 | 6.277 | -79 | 221.130 | 69.368 | -69 |

ЈП Службен весник на РСМ